**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на целосна контрола од страна на АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о., Република Словенија над МЕНАЏМЕНТ НА РАЗВОЈ, КВАЛИТЕТ И ОБРАЗОВНИ СТРАТЕГИИ, Република Словенија**

**(предмет бр. 08-104 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 27.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о со регистрирано седиште на ул. Фајфарјева улица 33, 1000 Љубљана, Република Словенија ќе стекне целосна контрола над МЕНАЏМЕНТ НА РАЗВОЈ, КВАЛИТЕТ И ОБРАЗОВНИ СТРАТЕГИИ со регистрирано седиште на ул. Лава бр. 2Б, 3000 Цеље, Р.Словенија.

Стекнувањето на целосна директна контрола над претпријатието МЕНАЏМЕНТ НА РАЗВОЈ, КВАЛИТЕТ И ОБРАЗОВНИ СТРАТЕГИИ ќе се спроведува врз основа на Договор за пренос на 100% основачки права и обврски во заводот МЕНАЏМЕНТ НА РАЗВОЈ, КВАЛИТЕТ И ОБРАЗОВНИ СТРАТЕГИИ, склучен помеѓу г-дин Сречко Натек, Ања Лесјак и Нада Трунк Ширца, од една страна како Преносител, и АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о, од друга страна како Стекнувач, и МЕНАЏМЕНТ НА РАЗВОЈ, КВАЛИТЕТ И ОБРАЗОВНИ СТРАТЕГИИ и Меѓународен факултет за општествени и бизнис студии како сопотписници склучен на ден 19.06.2025 година пред Нотар Миро Кошак, со бр.OB:1311/2025.

**-АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о** е друштво со ограничена одговорност, регистрирано согласно законите на Република Словенија чија основна дејност е други претприемачки и деловни консултантски услуги, воглавно во областа на социјалната заштита.

АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о. претставува составен дел од ПРВА ЦАП Групацијата, односно сопствениците на стекнувачот Јанез Крањц, Тинка Годец, Миха Крањц и Аленка Жнидаршиќ Крањц се јавуваат како сопственици во ПРВА ФИНАНЦЕ д.о.о (PRVA Finance d.o.o.) која пак е сопственик на СКУПИНА ПРВА А.Д, која е пак сопственик на две друштва во Република Северна Макеоднија:

- **Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје**, со регистрирано седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6-1, кат 2, Скопје и со приоритетна дејностосигурување на живот и
- **КБ Прво друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови АД Скопје**, со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6, Скопје и со приоритетна дејност-управување со фондови.

**-МЕНАЏМЕНТ НА РАЗВОЈ, КВАЛИТЕТ И ОБРАЗОВНИ СТРАТЕГИИ** е приватна установа - завод која што истапува на релевантен пазар за истражувачки и развојни активности во областа на општествените и хуманистичките науки.
МЕНАЏМЕНТ НА РАЗВОЈ, КВАЛИТЕТ И ОБРАЗОВНИ СТРАТЕГИИ нема директно и/или индиректно поврзани друштва во Р.С. Македонија.

Како релевантен пазар на кој се случува концентрацијата се смета дека е образовната дејност во областа на истражувачки и развојни активности во областа на општествените и хуманистичките науки.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

27.06.2025 година

Скопје